TIKVEŠ
SINCE 1885

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2015 - 31.12.2015

Во 2015 година во работењето на Винарската визба Тиквеш АД Скопје не се имплементирани промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Вкупните приходи забележаа раст од 11%, односно зголемување за 115 мил. денари. Растот се должи на зголемените приходи генерирани од домашниот пазар (за 8%) и од странските пазари (за 14%). Иако растот на вкупните приходи е значителен, бруто добивката бележи пад од 3% што се должи на зголемените откупни трошоци за основната суровина - грозје.

Зголемувањето на трошоците за продажба и маркетинг (дистрибуција) и останатите оперативни расходи во вкупна вредност од 45 мил. денари и зголемените останати оперативни приходи во вредност од 56 мил. денари резултираа со оперативна добивка од 119 мил. денари. Ова претставува намалување за 2% односно за 2,5 мил. денари.

Финансиските расходи се намалени за 3 мил. денари. Нето добивката од редовното работење пред оданочување на износ од 48 мил. денари е на исто ниво како и претходната година.

За работењето во 2015 година не беа исплатени дивиденди.

Во 2015 година се остварија вложувања во материјални средства од 150 мил. денари. Значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средствата споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беше реализиран.

Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беа остварени.

Бруто приходите во 2016 се предвидени на износ од 1,292 мил. денари, што претставува зголемување од 9% споредено со 2015 година. Во вкупната реализација во обем, домашниот пазар планирано е да учествува со 48% додека извозните пазари со 52%. Нето добивката пред оданочување за 2016 година се естимира со зголемување од 5% во споредба со претходната година.